СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 1997 година

Скопје, октомври 1997 година

## II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 76-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 9.Х.1997 ГОДИНА

Дискутанти:

1.АЛИТИ АБДУРАХМАН – 22
2. АБДИ ФАИК – 3
3. БАЈРАМ АМДИ – 19
4. ВАНГЕЛОВ АТАНАС – 11, 16
5. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН – 9, 25
6. ДИМОВ ЛАЗАР – 4, 31
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 6, 7, 15, 17, 19, 23
8. МЕШКОВ ЉУПЧО – 21
9. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН – 12
10. ПЕКТОВСКИ ТИТО – 1 (води седн.)
11. РАМАДАНИ САЛИ – 25, 28, 29
12. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 17
13. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА – 14, 31
14. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 1, 9, 32
15. ТАИРИ МЕВЉАН – 10, 11, 22
16. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 20
17. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 5, 7, 10
18.НШАКИРИ ХИСЕН – 30

Дневен ред: -Предлог одлука за состав на Анкетната ком.за соглед.на евент.пречекорувања... интерпелација на полицијата во Гостивар

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 1997 година

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ни остана уште една точка од Седумдесет и шестата седница, тоа е Одлуката за формирање на Анкетната комисија за настаните во Гостивар и Тетово.

Сакам да информирам дека пратениците Нано Ружин, Борис Ќостаќев, Димче Настевски, Љубомир Чадиковски, Илинка Митрева, Јован Србиновски и Благоја Силјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на одлуката за состав на Анкетната комисија за согледување евентуалните пречекорувања на овалстувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата одржа седница и достави допис со кој известува дека утврдила измена на еден член на составот на Анкетната комисија кој Ви е поделен.

Молам,кој бара збор?

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседтеле, дами и господа пратеници, почитувани министри, пратеничката група на Либерано-демократската партија која требаше активно да учествува во изборот на пратениците кои што ќе

учествуваат во оваа комисија на некој начин не грубо речено беше изиграна. Изигрувањето беше во тоа што седницата на Комисијата за избори и именувања се одржа во текот на вчерашната седница додека тука. бевме присутни и работевме. Со тоа се оневозможи правото на нашите членови на таа Комисија, рамноправно да учествуваат и одлучуваат. Меѓутоа, тоа е практиката.

Јас би сакал да се осврнам на неколку работи за кои сметам дека е многу важно. Ние пратениците на Либерално-демократската парти досега никогаш не сме влијаеле на избор за членови за било какви комисии на било кој партии од било кој побуди, поготово од политички, би, какви да имаат свое размислување околу тоа.

Второ, сакам да кажам дека не е прв пат ова Собрание да не се прифаќаат кандидати за комисии на членови на Либерално-демократската партија од пратеници на другите партии што морам да кажам многу ме потсетува на барањето на морално-политичката подобност, која така безпрекорно функционираше во денешниот систем а што е туѓо на демократските принципи и практики. Информиран сум дека Комисијата веќе е формирана, во таа комисија не се наоѓа ниту еден член од Либерално-демократска партија. Така е одлучено. Не сакам тоа да го сватите дека сум лично навреден заради тоа, бидејќи бев еден од можните кандидати, јас овој избор го сметам за многу важен, меѓутоа се случи што се случи. Но на крајот на краиштата сакам да укажам дека гостиварските настани беа резултат на непринципиелно градење на компромиси во името на народот а врз неговиот грб и на штета на виталните интереси на граѓаните на Република Македонија, меѓу коалиционите партнери СДС , ПДП и СП. Затоа тие самите сега треба да си ја бараат својата верзија на вистината. Веројатно ќе ја утврдат без нас.

I/3.-

**АБДИ ФАИК:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министер. Јас вчера после моето излагање овде во Собранието ја напуштив седницата од здравствени причини и дома ја следев седницата до крај и ги слушна расправиите и препирките околу пратеникот на Либерално - демократската партија и пратеникот од СДСМ на сметка на избирачкото тело и е спомнато во негативна конотација со потценуваше на Ромите. Јас не знам дали има некаде чиста етничка средина, јас не знам дали некој од Вас пратениците нема во својата средина Роми но прв пат тоа го слушам овде од ова Собрание и имаше такви искази и на првото свикување од една друга партија. Имаше исто искажување на 2 Август во Крушево од една партија дека не може Влав да ни соли памет се мисли на претседателот на Советот на прославата на 2 Август. Ми се јавуваат вчера граѓани Роми и граѓани Македонци. Македонците ми кажуваат дека тој нас не навреди, а не Вас Ромите. Ми се јави и еден прилепчанец ми кажа име и презиме,нема смисла да го спомнувам рече кај нас во Прилеп за такви луѓе се вика скапан човек. Еве јас тоа што сум му рекол на човекот тоа го кажувам. Барам по можност Пратеничката група или Партијата СДСМ да преземе некои соодветни партиски мерки за своите членови како тоа да ја навредат таа партија. Јас сум од СДСМ знаете ли вие. Еве јавно го кажувам тоа. Од кого добивате гласови? Срамота е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте господине Абди.

**АБДИ ФАИК1;**

Ако тоа доликува во ред е, ако не доликува вие сте навредени повеќе македонците, вие треба да му укажете.

I/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да ве информирам, веројатно не сте го следеле тој дел ,од седницата, шефот на Пратеничката група се извини во името на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз.

**ФАИК АБДИ:**

Меѓутоа, никој не јаде од тука. Од тука јаде. Ние знаеме што е тоа.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сметам дека начинот на кое што е Комисијата задолжена за предлагање и именување на членови на одредени комисии не го запазила редот кој што така е предвиден во ова Собрание дека пратеници кои што треба да бидат предложени за некоја комисија треба да бидат консултирани во најмала рака. Посебно јас се јавувам од причини што на минатата седница кога зборувавме за составот на оваа комисија јас од оваа говорница се залагав за тоа, бидејќи се работи овде за нарушување на основните човекови права и бидејќи тоа е прилично сериозна работа и инсистирав таа комисија да биде составена со членови во кое што ќе доминираат членови на опозицијата од проста причина бидејќи владеачката партија, по други канали можат да си ги контролираат своите извршни органи, а се со цел во ова Собрание да создадеме впечаток дека навистина ова Собрание формира такви комисии навистина да се видат пречекорувањата дали ги има или ги нема. И ние во Собранието да веруваме за таа работа, а и граѓаните да веруваат. Сега јас како пратеник на ова Собрание сум ставен во една состојба прилично незгодна. Прво и прво не е згодно еден пратеник да членува во најразлични комисии. На крајот на краиштата тоа произлегува од нашата задача овде. Но со оглед на сите околности што се случија јас се чувствувам како лен на Комисијата кој што го стават така само за да го

има. Ќе ги молам и предлагачите и ова Собрание нека размисли дали така треба да одат работите или да не одат.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да му се извинам на господинот Димов најпрвин заради неможноста да биде консултиран, меѓутоа, и самиот кажа дека должност е на пратениците да при- фатат таму каде што се предложени да членуваат во работни тела, анкетни комисии и слично, бидејќи тоа произлегува од обврските на пратеникот согласно Уставот и законите. Сакам да го убедам господинот Димов дека принципот на еднаквост во ова Собрание апсолутно мора да се почитува, тој не е така случајно предложен во Анкетната комисија ниту ќе има помала важност како член на таа комисија. Веројатно се размислува околу таа работа дека господинот Димов е човекот кој ќе даде голем придонес во работата на таа Анкетна комисија и сигурно неговото мислење ќе се почитува.

Околу искажувањето на господинот Станковски сакам да кажам следново: Ние вчера ако се сеќавате донесовме заклучок Комисијата на една од паузите односно во текот на денот да одржи седница и да направи измени согласно барањето на Либерално-демократската партија, на координаторот во составот на Анкетната комисија. Тоа беше направено членовите на Комисијата за изборите и именувањата од редот на Либерално-демократската партија беа поканети исто така како и другите, но тие не учествуваа во работата, која е нивно право да не учествуваат и сега мислам нем никакви причини да се жалат.

Околу прашањето дека не се прифаќаат предложените членови на Либерално-деморкатксата партија од нејзината пратеничка група не е точно, господинот Станковски беше предложен од координаторот на Пратеничката група на ЛДП и беше прифатен и тој беше во вчерашниот

предлог предложен за член на Анкетната комисија. Според тоа, не е точно дека не се прифаќаат. Инаку ако се бара одговор на прашањето околу уцената или ултиматумот двајца или никој, еве сега има никој. Сосема е чисто ако некој не сака да учествува во работата на одредена комисија, тоа го слушнавме вчера,Комисијата во состав во кворум одлучи да го прифати барањето на ЛДП да не учествуваат во работата на оваа Анкетна комисија заради нивни причини кои сами си ги знаат. Мислам дека нема што да се уценуваме ние сме овде еднакви сака некој или не сака тоа е друго прашање. Господинот Слободан Даневски беше предложен во првобитниот предлог на Комисијата, самиот координатор на пратеничката група на неговото место предложи друг. Освен што се предомислиле сега ние не можеме овде игри без граници малку сериозност треба да има, треба да се почитува сам себе си некој. Не може по два-три дена да ни текнува некој работи и да измислуваме само и да правиме игри без граници. Мислам дека е сосема чиста работата и му предлагам на Собранието вака предложениот состав да го усвои. Овој состав гарантирам до крај ќе ја изведе работата онака како што барат прописите во оваа држава.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, сигурно ова што го зборува господинот Џаферовски не заслужува ниту реплика, ниту коментар, меѓутоа повеќе заради записникот и заради јавноста би го кажал следното.

Ако појдеме од фактот дека почитувањето на процедурата е врв во демократските односи и процеси, јас би го запрашал него како дозволил во текот на вчерашниот ден да се одржи седница на Комисијата додека Парламентот расправаше за едно многу важно прашање, како што е прашањето интерпелација за работата на претседателот на Собранието.

Заклучокот на Собранието беше Комисијата да одржи седница во некоја од паузите и се разбира денес пред почетокот на седницата. Пратениците кои се членови на Комисијата од Пратеничката група на Либерално-демократската партија од многу разбирливи причини не беа присутни на седницата и тоа нека ви е на чест што го правите. Тоа не се случува прв пат, мислам дека еднаш за секогаш овој Парламент треба да прекина со таквата работа и таквиот однос од оние што ја водат Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Точно е тоа дека треба да биде запазена процедурата и процедурата во овој случај е до крај запазена. Ако може да присуствуваат другите членови на Комисијата од причини кои само вам ви се познати вие не присуствувавте вчера и меѓу другото и мене ми кажавте господинот Коцевски дека можете да работите без нас, ние нема да учествуваме ниту во Анкетната комисија ниту во работата на Комисијата за изборите и именувањата. Сега ако тоа ви беше за да можете денес да искритикува1: дека не ви се почитува процедурата, тоа е друго прашање. Тоа е ваш проблем. Меѓутоа самиот факт дека вие го преправивте вашиот предлог односно давајќи мислење за еден кандидат, после по три дена ви текна нешто друго, зборува доволно за односот кон оваа работа за која вие зборувате дека е многу сериозна, и е многу сериозна, меѓутоа вашиот однос денес е несериозен кон сето ова. Во тоа е проблемот.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас би молел кога се излегува на оваа говорница да не се служиме со лажни изјави, јас гоподине претседателе на Комисијата за тоа ви кажав, тоа го кажав и на говорница пред сите и пред цела јавност вчера дека доколку не биде прифатен нашиот став двајца пратеници од

нашата пратеничка груда да партиципираат, ние нема да учествуваме во Анкетната комисија. Не е точно дека сум рекол дека нема да дојдеме на комисија. Вие го прекршивте заклучокот на Собранието, Комисија да се одржи во нормални услови или во текот на пауза или пред почетокот на денешната седница. Тоа значи дека партизански си работите како што ќе ви текне на вас. Ако е тоа по ваше почитување на процедура немам коментар повеќе.

II/1 дв/вц

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие господине Станковски не се јавивте за реплика.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, јас се извинувам, меѓутоа ќе дозволите Јас дигнав рака, а вие го повикавте на говорница Аце Коцевски.

Јас сакав да се јавам за реплика по однос на дискусијата на г-динот Џаферовски бидејќи експлицитно бев спомнат. Јас реков дека сум почестен што бев предложен за член на една ваква важна комисија. Реков дека и во изминатиот период членови на Либералната партија не беа бирани во комисии. Тоа мислев и на Комисијата кога г-динот Андов не беше прифатен како член на комисија по повод атентатот на г-динот претседател Глигоров.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, за Анкетна комисија беше, не за атентатот.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас реков за комисии, можеме да видиме од стенографските белешки, дека не е прифатен како член на комисија за атентатот на претседателот Глигоров кој атентат сеуште не е откриен и задолжените министерства и Владата досега не направиле ништо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, Мене лично не ми е јасно а и на Парламентот зошто не сум јас во Анкетната комисија. Мислам дека претседателот на Анкетната комисија треба да образложи зошто Слободан Даневски не е во Анкетната комисија. Би билово интерес на јавноста.

II/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика г-динот Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Господинот Даневски не е заради тоа што координаторот на пратеничката група на ЛДП предложи нов член на неговото место.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ова е својствено на мангупски работи но овие мангуплуци не поминуваат.

Прашањето беше зошто Слободан Даневски не е во Комисијата и немојте сега да ја залажувате целата јавност. Кажете како претседател одговорно, зошто Слободан Даневски не е во Комисијата. Зошто не е морално подобен, за тоа? Или зошто. Така одлучи коалицијата СДС-ПДП. Тоа ли е? Јас вас ве разбирам но не ги разбирам пратениците од СДСМ, а вас потполно ве разбирам зошто е тоа така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Мислам дека некои работи овде треба да се кажат малку појасно, а не да се заобоколуваат.

Прво,сметам дека од страна на пратеничката група на ЛДП, најверојатно биле свесни дека предлогот Слободан Даневски да биде член на оваа комисија е неумесен и затоа е повлечен, прв пат. Тоа ние го искажавме и жал ми е што вчера не присуствуваа пратениците од ЛДП, дека би било пожелно да има двајца па дури и тројца но не Слободан Даневски, затоа што Слободан Даневски од оваа говорница тврдеше дека малку се тепани тие луѓе и нема што да расправа таа комисија. Според тоа мислам дека таков член во една таква комисија нема што да бара.

(Од место господинот Мешков дофрла, затоа што вие така сметате)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место ве молам, господине Мешков. Ќе добиете право да излезете на говорница, немојте од место да дофрлувате.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

По тоа што беше повлечен предлогот сметам дека и од страна на партијата биле свесни дека овој човек не е погоден за таа работа. Но, најверојатно под притисок на тој член пак е излезено со ултимативно барање или Слободан Даневски или никој друг. Јасна е намерата. Но, јасно било дека таков предлог, тој член да биде во оваа комисија ќе биде одбиен од наша страна. Токму тука ја гледам опструкцијата од страна на ЛДП да не се формира оваа комисија и да се одолговлече ова прашање. Дајте ве молам предложете двајца други членови односно еден друг член затоа што јас сметам дека господинот Станковски може одговорно да ја врши оваа работа, но не и Слободан Даневски, затоа што тој се потврди од оваа говорница дека само би бил штетен за оваа комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка интервенција за г-динот Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Често грижејќи се околу некои споредни работи нам ни се пропуштаат и некои грешки кои може да имаат сериозни последици.

Јас интервенирам деловнички, колку да се забележи во записникот дека еден таков вид грешка е воочена во овој парламент, барем од еден човек.

Кога господинот Аце Коцевски сакаше да даде една сликовита претстава за тоа како работи евентуалната комисија на г-динот Џаферово па се послужи со зборот партизански. Треба да има предвид дека за еден или два дена ние ќе прославуваме еден ден кој е поврзан со партизанско движење од кое произлезе Антифашистичкото собрание на Република Македонија од кое ние ја црпиме државноста и слободата. Треба да имаме предвид дека од тоа партизанско движење отидоа 24 илјади животи кои се темел на нашата слобода и независност.

Ова го говорам само заради јавноста и само заради записникот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Не сакав да се јавам за збор по ова прашање, но морам да кажам заради тоа што бев прозван од господинот претседател на Комисијата за избори и именувања Џаферовски кој рече дека членовите на Комисијата за избори и именувања од ЛДП најверојатно не сакаа да учествуваат или не нам од кои причини не присуствуваат.

Вчера кога зборувавме овде за интерпелацијата овде, многумина од пратениците на СДСМ овде рекоа дека треба да внимаваме за зборовите што ги изговараме овде на оваа говорница бидејќи тие остануваат запишани и треба ако не друго, барем вистинито да зборуваме.

Прво, сакам да демантирам две работи.

Секогаш, за нас овде ако не може поинаку да се реши работата ќе се каже дека виновна е за тоа стручната служба. Во овој случај јас сметам дека стручната служба на Собранието многу добро си ја изврши работата бидејќи мораше да работи по налог на претседателот на Комисијата.

Морам да кажам дека претставниците на стручната служба дојдоа да ме повикаат мене и господинот Коцевски за седница на Комисијата кога јас веќе бев пријавен за дискусија.

Заклучокот на претседателот на Собранието беше следен, а ќе се обидам да го цитирам: "

"Комисијата за избори и именувања во една од паузите на седницата на Собранието на РМ да одржи седница и на Собранието да му предложи состав на Комисијата".Тоа слободно може да се провери, — во кој период Собранието имаше пауза, а во кој период Комисијата држеше седница за предлагање на овој состав.

Единствената причина ако господинот Џаферовски може да претпоставува од кои причини не сме присуствувале на Комисија, јас тогаш не да претпоставувам туку тврдам дека господинот Џаферовски закажа во тоа време седница на Комисијата за избори и именувања за да не извлече мене и господинот Коцевски од седница на Собрание и да не се јавиме за дискусија по интерпелацијата за господинот Тито Петковски.. Тоа е мое мислење, ако така ги анализираме работите. Но, мислам дека не беше целата, туку целта беше во една мирна атмосфера да се соберете шест седум луѓе и да предложат нов состав на Комисијата. Тоа е првото по однос на вчерашната седница.

Втора работа е следната:

Деновиве беше ова доста актуелно во печатот и беше изнесена изјавата на господинот Џаферовски за кој што лично му се обратив и му реков дека на втората седница на Комисијата за избори и именувања беа присутни г-динот Слободан Најдовски и Аце Коцевски и тие предложија ваков состав. Морам да кажам нека се провери и за присуството на комисијата и јас како Слободан Најдовски најавив отсуство и не бев присутен на таа седница на Комисијата така да би молел тоа г-динот Џаферовски да го демантира.

Трета работа е следната:

Јас сум претседател на една Анкетна комисија и да ви го кажам следното: Не гледам во една анкетна комисија, ние инаку барем досега имаме одлична соработка со сите членови на Анкетната комисија и сите членови на Анкетната комисија одлично барем според мене, работат. Но, за оваа анкетна комисија, на крајот на краиштата јас сметам дека нема ни потреба да има други претставници во Анкетната комисија кои ќе служат за секој затоа што владиното мнозинство има и мнозинство во таа анкетна комисија и што ќе бараат да присуствуваат во таа анкетна комисија за која што извештајот за работите кои треба да ги испитува сигурно е составен.

На крајот, господата од ПДП кои се бунат против Слободан Даневски дека изрекол вакви работи, па ако сметате дека погрешил, баш напротив треба да го ставите во Анкетната комисија и да му докажете дека не е во право туку напротив се плашите дека тој ќе докаже оти навистина е во право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Стефановски има деловничка интервенција.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Не знам покој пат повторно се трудиме да не завршиме некои работи.

Сакам да верувам дека она што го искажа Слободан Даневски тогаш е лапсус. Сакам да верувам и убеден сум дека е лапсус и она што Тантаров го изрече тука. Меѓутоа, мора да беа свесни тие луѓе дека утре, ако има некоја анкетна комисија за ромите дека не е добро Вељо Тантаров да учествува, затоа што тој направил лапсус, исто како и

Слободан Даневски за таа ранлива тема. Оттаму, дајте добра желба, да не мистифицираме, двајца кандидати тоа што предложи Мевљан Таири , не е проблем, да се состанат,нека има двајца од ЛДП, меѓутоа да не инсистираме. Верувам и сакам да верувам дека елапсус изречен во жарот на дискусијата, како што вчера веројатно Вељо сакал и нешто друго да потенцира, да каже дека избирачите Роми и не знам колку пати сакал да оди г-динот Симјановски и не отишол. Во таа смисла или не знам, сакал нешто друго да каже. Дајте да седнеме, да се повлече,јас би замолил претседателот на Комисијата, нека има двајца пратеници од ЛДП. Тоа е тема за која не треба да оставиме простор за манипулации одбило која страна. Дали е од страна на позицијата или опозицијата. Јас би ја замолил Комисијата да се повлече. И вие да не стоите тврдо да седнеме. Ние вчера се договоривме за некаков договор,да соработуваме во интерес на она што е Република Македонија. Немојте да правиме обратно, денес се договараме, а утре пак обратно. Ултиматум не треба да има.

Еве, ако има таква спремност Мевљан Таири добро го кажа, не е проблематично да има двајца пратеници, па било кои да се тие: Владимир Станковски, Слободан Најдовски, Мешков, кој било. Мислам тоа не е проблем. Еве јас би замолил да се повлече Комисијата, не на тој начин како што е тоа кажано, исто мислам дека е лапсус тоа што се кажа партизански, во некоја друга смисла е сигурно конотацијата. Се обидувам да имам добра намера за некои грешки кои во жарот на дискусијата можат да се кажат, кои можам и јас даги направам. Тој предлог, би сакал да се испочитува.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Колку да се обидувам да бидам широк не можам поинаку освен како не добронамерна да ја сватам реакцијата на почитуваниот господин Вангелов, затоа што тој е стручњак од оваа област и професор на факултети треба да му е јасно изречениот збор нема никаква врска со

партизанското движење, освен неговата намера со изврtување на зборовите да постигне некоја нему посакувана цел.

Инаку зборот партизански или партизанско ако не знаете е широко одомаќинет и се употребува во секојдневниот говор на граѓаните на нашата Република како синоним за некое брзо делување брзо реагирање,секавично, што на некој начин во таа смисла е поврзано со некои тактики на дејствувањето на партизанското движење во Република Македонија се разбира овде ставено во наводници а не во буквална смиславо наводници.

Би сакал уште следното да го кажам затоа што вие со тоа алудирате,како тоа ќе го сватат и да нанесете одредена штета, лична моја, веројатно и на мојата партија кај еден круг на луѓе кои имаат големи заслуги за државноста на Република Македонија а кои учествувале во НОБ.

Јас би сакал да го кажам следното, а тоа е дека тие луѓе кои сакате да ги наведете против мене и против нас, кои јас извонредно многу ги почитувам имаат многу поголема улога во создавањето на државата на Република Македонија во споредба со вашите таканаречени нови државотворци од СДСМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дајте, вчера седоговоривме за дијалог што доликува напратеници.

Има реплика г-динот Атанас Вангелов.

**АТАНАСВАНГЕЛОВ:**

Сето ова што го објасни господинот Коцевски е сосема прецизно и сосема точно. Тој многу добро објасни што заправо сакал да каже кога се послужи со тој термин и самиот факт што имаше потреба да објаснува

покажува дека употребата на тој термин било во најмала рака двосмислено. Немам ништо против тоа што го рече тој. Ми се чини едно таквообјаснување ќе прифати веднаш и јавноста. Меѓутоа, сега следува дека со употребата на таа квалификацијатој, позитивно ја валоризира работата на Комисијата на Џаферовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика г-динот Наум Симјаноски.

**НАУМ СИМЈАНОСКИ:**

Имам реплика на господинот Стефановски кој тука почна да прави некои споредбени анализи, во дискусиите од оваа точка што е на дневен ред и она што се дискутираше на вчерашната седница, нормално чувствувајќи одредена благонаклоност кон својот колега г-динот Тантаров на одреден начин да ја доиспегла работата што навистина господинот Тантаров ја изгужва до таа мера што нема сила која може да ја испегла како што треба. Но тоа да го оставиме за наредни седници, да причекаме да дојдат материјалите и да видиме што навистина и како е кажано во која конотација па тоа да го дискутираме. Сега да се осврнеме на она што е сега момент, да не мешаме едно со друго и навистина да го решиме овој проблем што сега го имаме на најсоодветен начин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Само би завршил со тоа дека можеби најсоодветен збор е изразот препад, за тоа што го направи вчера претседателот на Комисија за прашањата на изборите и именувањата. Меѓутоа, за да не ја продолжуваме понатаму расправата, со повикување да дадете други луѓе, би сакал повторно да кажам само две реченици што вчера ги истакнав кога расправавме за оваа проблематика.

За пратеничката група на ЛДП неприфатливо е никоја политичка партија и парламентарна група да ја оценува моралната политичка подобност на било кој од нашите пратеници за учество во било која собраниска комисија во случајот со анкетната комисија затоа што тоа е одлика на едно време кое е многу далеку зад нас.

Исто така не прифаќаме било која пратеничка група на нас да ни диктира кои луѓе ќе бидат во таа комисија, како што ние не сакаме на вас да ви диктираме, во одредени комисии кои луѓе вие ќе ги вклучувате во работата на Комисијата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (ПРОДОЈ1ЖЕНИЕ)

Ние не сакаме вас да ви диктираме во одредени комисии кои луѓе ќе ги вклучувате во работата на комисиите. И, доколку не биде прифатен ставот од пратеничката група да учествуваат двајца кандидати кои ќе ги одреди пратеничката група на ЛДП остануваме на ставот дека нема да партиципираме.

Затоа ве замолувам да не не повикувате за градење на било какви некои нови договори. Ставот е многу јасен. Јас тоа го кажав вчера на говорница, не е грев да признаам дека јас обидувајќи се да направам гест на добра волја, навистина после она чидно повлекување на составот на Анкетната комисија од дневниот ред на минатото продолжение на оваа иста седница, предложив на Комисијата на местото на господинот Даневски заради условувањето да биде предложен друг кандидат. Меѓутоа, до тој момент пратеничката група на ЛДП немаше одржано седница. Во меѓувреме пратеничката група одржа неколку средби на кои беше договорено ова што ви го презентирав и вчера и сега. И ве молам да го почитувате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри. На вчерашната и на денешнава седница многу се дискутира околу ромите. Јас мислам дека не треба да има многу голема тензија околу ромите и да се дискутира, како и да ги става- те ромите на тема за дискусија, затоа што вчера координаторот на СДСМ излезе на говорница, се извини, а мислам дека сите гледате дека јас таму заедно седам со Вељо Тантаров, во еден ред заедно

седиме. Вељо Тантаров вчера сакаше да каже, јас добро знам во што е ситуацијата, и мислам дека тука има и записнички, се за што се говорело, тоа беше најнормално околу пратениците во изборната единица во Битола да каже дека 4000 иљјади роми господинот пратеник, нашиот, не му го знам името, како се вика, Симјановски, се извинувам, тие 400 0 роми дека го избрале таму и што не е присутен во својата изборна единица, што не се грижи за своите роми, тоа е тоа. Не е друго. Не сакам ромите да ги ставате во тие ситуации и не би требало да навлегуваме во такви теми во врска со ромите.

Околу Анкетната комисија која се формира во врска со Информацијата за Гостивар, јас мислам дека би требало што побрзо таа Анкетна комисија овде сите заедно да се сложиме таа да функционира и треба на сите нас и на цела македонска јавност да се каже правата вистина. Да не губиме многу време тоа би требало да го решиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика господин Тантаров. Ве молам да привржиме со репликите, да поминеме на следната точка.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека колегата Амди Бајрам добро кажа во врска со мојата вчерашна дискусија. На оваа говорница мене два пати ме спомна господинот Наум Симјановски, а јас прифаќам за една од наредните седници кога ќе бидат готови белешките да ги погледаме кој што рече за ромите и тие мои зборови за ромите во каква конотација беа кажани.

Благодарам.

III/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, немам за разлика од некои коле- ги кои излегуваат на говорница тенденциозно да создаваат одредени тензии, немам јас таква намера, меѓутоа би сакал сите да се потсетиме од каде почнаа овие проблеми, условно "проблеми" околу составувањето на оваа анкетна комисија. И, тоа од оној момент кога пред оваа говорница господинот Мерсел Биљали излезе и рече дека во таа комисија нема да работи додека господинот Даневски е член на таа ко' мисија, а на состанокот на таа комисија, колку што сум информиран, ако не сум нека ме негира некој, а таквото негово барање прифатено е со што овој Парламент направи еден голем преседан во неговата работа, односно се впушти, односно ја усвои така да речам го усвои предлогот да се цени или да се оценува нечија морална подобност дали е тој подобен или не е подобен за работата на одредена комисија за зборови изречени во овој Парламент и на оваа говорница.

Почитуваниот господин Таири зеде за право да зборува дека најверојатно, тоа се негови зборови, ЛП и таа оценува дека господинот Даневски не е погоден во таа комисија. Па, ве молам, какви се тие инсинуации и како може да се впушта во тоа, дали тој бил присутен на таа седница на пратеничката група кога се расправало за тоа или можеби му е тенденцијата негова и на многу други да создадат атмосфера дека до пратеничката група на ЛДП не се единствени стојалиштата и постојат некакви различни мислења. Ви кажувам дека такви нема и никогаш ние како ЛДП не сме мислеле дека господинот Слободан Даневски не е погоден да работи во таа комисија.

III/4.-

Од оваа говорница беше неколку пати спомнато и од гос-подинот Џаферовски дека сите пратеници во овој Парламент се еднакви. Дајте тогаш да бидеме навистина сите еднакви.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Таири реплика.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

На неколку пати го слушаме зборот морално политичка подобност. Мислам дека тука не се работи за морално-политичка подобност, туку се работи за хумана, човечка подобност. Со искажаните зборови од оваа говорница мислам дека самиот господин се исклучи од објективноста во работата на оваа комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, во принцип ставот на пратеничка- та група на ЛДП е исправен, затоа што стои констатацијата дека ни- ту една пратеничка група не може да и наметне на друга кого да пред- ложи и овој ден искрено се согласувам и така е, така треба да биде и така треба да остане.

Се работи за нешто друго. Дали пратеничката група не- мала доволен усед во моментот да оцени целисходност на еден таков предлог при еден настап на пратеникот кој што се надевам исто така како што се надева и колегата од СДСМ беше недобро смислен, што знам, дали некоја грешка и тн. Доколку пратеничката група на ЛДП

нема намера да предложи друг што е исто така нивно право, ние треба да ја формираме комисијата така како што ќе предложи Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Меѓутоа, сосема ми се јасни мотивите, веќе сега ми се јасни мотивите зашто околу ова прашање се дигна толку голема врева. Можеби се должи на мојата не информираност затоа што оваа веќе ми личи на започнување на предизборна кампања.

Јас ве повикувам да размислите дали е малку прерано или пак јас не сум информиран па тоа е вред. Инаку, вчера како се одвиваше дискусијата, денеска како продолжува се ми личи дека ние веќе се впуштаме во изборна кампања. Ако имате намера да продолжиме вака, дај информирајте не и нас да се вклучиме во таа работа. Инаку, навистина нема смисла да повторуваме по 10 пати ставови кои што сме ги чуле тука. И тоа по повод расправата за едно многу конкретно прашање како што е за формирање на Анкетна комисија за настаните во Гостивар.

Јас искрено се надевам дека во овој стил, барем во из- весен период не треба да продолжиме, туку да се зафатиме, сериозно да се зафатиме и посериозно да се зафатиме со задачите.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Се надевам дека ова ќе ми биде последно излегување по овој повод. Му благодарам на господинот Алити што се јави со ваква содржина на неговата дискусија за да ги расчистиме нештата, би го кажал следното.

III/6.-

Искрено да ви кажам дека тогашната дискусија на господинот Даневски предизвика бурни реакции. Поради тоа ние во пратеничката група на неколку наврати разговаравме со него затоа што поаѓајќи од основните определби на ЛДП како граѓанска партија и партија на центарот несвојсвено е во нашата пратеничка груапа и воопшто во нашата партија да има некакви размислувања кои ќе мири- саат на национализам, во најмала рака, или кон примена на некои средства кои се несоодветни на правната држава.

Од тие разговори што ги водевме со господинот Даневски и затоа толку се бориме на овие расправи што ги водиме тука добивме јасни сознанија од него дека не бил добро сфатен во неговата дискусија затоа што неговиот израз кога бил употребен дали доволно е применета сила или треба уште да се примени се однесува на употребата на сила од страна на специјалните единици на полицијата, во моментите кога е загрозен нивниот човечки живот таму. Неговата из- јава воопшто не се однесува на било каква примена на физичка сила на недолжни граѓани кои во тоа време на настанот се нашле на тоа место. Едноставно се однесува на примена на сила против тие кои се обидуваат со молотови коктели и на друг начин да го загрозат животот на полицајците и на останатите кои се нашле во тоа време на тоа место, а верувам дека добро знаете дека употребата на сила во такви прилики е регулирана со стандарди донесени од Обединетите Нации каде што се вели дека полицаецот има право да употреби сила доколку му биде загрозен неговиот живот, доколку биде загрозен животот на тие што се наоѓаат околу него и доколку треба да заштити некого од употреба на сила.

И, ве молам ова да го сфатите најдобронамерно и затоа ние упорно опстојуваме на тоа дека нема ништо лошо доколку во таа комисија членува и господинот Даневски.

III/72.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ова што беше кажувањето од господин Алити дека почнува предизборниот период и дека е кампања, токму нас не изненадува ка- ко ЛДП бидејќи од оваа говорница исто потенцирав претседателот на Партијата за демократски просперитет на албанците мора да знае ка- ко одлука на Владата дека ќе се интервенира во Гостивар и во Тетово. Претседателот на ПДП, коалициониот партнер на СДСМ мора да знае да- ли започнува предизборна кампања или не. И немојте да продаваме магла пред јавноста.

А, ова што Слободан Даневски го кажал од говорница, јас добронамерно кажав дали е тепано малку или многу. Бидејќи едни тврдеа дека има голема злоупотреба на сила, едни викаа дека е малку тепано па да има и од тие што викаа дека е малку и од тие што има многу и од тие што викаа дека треба и од тие што викаа дека не треба. Затоа треба да биде хетероген составот на Комисијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сот. Денеска немав намера да се јавувам за дискусија затоа што беше речено доста скоро два или три месеци, меѓутоа се- пак нешто треба да додадам, не за тоа за кое и ние водиме расправа како пратеничка група и кога стана збор околу составот и формирањето на

Комисијата како мото не би рекол многу врева за ништо што би рекол Шекспир, туку многу врева со ништо. Овој законодавен дом не е во состојба да направи една мала, ситна работа, формална со недели веќе, скоро со месеци седиме да основа една обична Анкетна комисија, значи не може да стартува, а камо ли Комисијата понатаму да ја обавува свесно, конструктивно, научно својата многу тешка и деликатна работа на теренот, да анкетира луѓе, органи, институции. Еве сега, играта продолжува понатаму на овој начин само се пролонгира овој проблем. И мојата пратеничка група и јас бевме во право а тоа сега се потврдува, не знам по кој пат што бевме против формирањето на таква комисија. Зошто?

Напротив, ние ќе требаше да сме во прв ред иницијатори и баратели за оваа комисија, затоа што и како партија и како граѓани ние бевме први, меѓу првите оштетени во настаните во Гостивар. Тоа е точно. Меѓутоа, бидејќи се знае каков ќе биде исходот на оваа комисија затоа што со години завршија со исто и за овие три години колку што трае овој Парламент во овој состав ние нормално бевме против основањето на таква комисија. Затоа се согласивме и членот од нашата пратеничка група кој беше предложен од матичната комисија се повлече и ние се согласивме иако една партија која е во коалиција предложи друг кандидат кој навистина единствен од целиот Парламент беше на лице место за време на нас- таните од Гостивар затоа што мислеа дека немаше смисла. Зошто?

Го следев судењето во Гостивар шест дена непрекинато. И токму кога самиот Судски совет и обвинителот, па на крајот како што знаете и бранителот на обвинетиот откажаа тројцата и рече градоначалникот Руфи Османи во која прилика сметам дека го делам мислењето на целата јавност на цела Македонија јас му пожелувам

добредојде на своето работно место и дома, што значи дека ќе се ослободи, да не прејудицирам и сега што. За настани во Гостивар место да се разговара како да ги обештетиме тие луѓе, семејства- та на убиените и на другите кои ќе останат доживотни инвалиди, ние уште расправаме да основаме комисија. И, што се очекува. Значи од една партија, нормално владеачка партија која ја одобри во Парламентот таквата акција на убиство на невини луѓе, истата партија, истата Влада како што рече на судот самиот градоначалник на Гостивар господинот Руфи Османи "кадијата те тужи кадија- та те суди" и сега оваа комисија треба да потврди што било во Гостивар. И токму ми е мило што и другата парламентарна опозиција не ќе има ниеден член, значи ќе биде чисто еднопартиска, монистичка комисија која ќе се потруди, затоа што се знаат резултатите однапред, само да ги потврди тие наоди кои ги имавме ние во Информацијата.

На крајот, во таквата Анкетна комисија нормално ќе бе- ше од овој Парламент да бидат предложени и прифатени кога би при- фатиле ние сите членови од парламентарната група на ДПА. Меѓутоа, ние имавме таква Информација која беше поставена на дневен ред.

IV/1 НН/ПН

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Тоа не знам од кои причини, само кога беше во продолжение седницата веќе не беше ставена, другиот ден и сега што? Во таа информација ги имате сите тие информации, кои евентуално ќе ми дојдат со оваа анкетна комисија после месец. Меѓутоа, што има од тоа?

Овие анкетари од владеачката партија, од коалицијата ако одат на терен да разговараат со луѓето, со оштетените семејства, кај убиените, или тие кои се веќе инвалиди, па н еможат да имаат резултати, тие не ги прифаќаат. Ќе ги прифатат нормално како пријатели на луѓето кои ги убиле и сега одат веќе да бараат некој друг излез. Ние сме во контакт редовно. Не само што беше нашиот партнер и со место, него ние како цела парламентарна група бевме и на самиот погреб утредента во Гостивар. Ние имаме контакт со тие луѓе. Единствени сме ние кои што можеме навистина да доставиме еден извештај пред Собранието после месец дена кои ќе биде пообјективен поточен, со точни податоци. А од оваа комисија, затоа не сме се покајале, не сме се помишманиле и ден денеска ние сме против основањето на оваа комисија и затоа ги повлековме нашите кандидати едниот предложен од комисијата, другиот подоцна од една партија. Затоа, молам тоа е ваша работа, како ќе се оствари ќе биде така. Подобро би било, предлагам повторно ваквата комисија која е веќе детерминирана на неуспех, на пропаст, а за која ќе биде говор сигурно и потоа ве молам подобро и за вас да не се мачат, да не се потрудат туку да се обештетат тие луѓе. И на крајот колку греши што направи Уставниот суд со таква одлука, или Комисијата со таква наредба, со декрет за таква акција треба да се отвори друга работа.

Ние го кажавме тоа. Не да плачеме околу тоа дали пречекорувани овластувањата на полицијата, тоа е игра другари, нема пречекорувања него има убиства, има терор. Треба да се покрене истрага, кривична постапка да сносат кривична одговорност тие кои решија....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ајде за ова што е, ве молам, немојте памфлети....

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тие кои решија и тие кои направија. Само така ќе може да се разреши овој проблем, а не во Парламентот и немој така, вака тука со игри. Луѓето се убиени, луѓето се оштетени, а нив да ги браниме, а не да играме во Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ајде ве молам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ве молам, немојте да ме прекинувате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте вие да иритирате.

(Реагирање на пратениците од место)

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Немој од место. Излези тука, па јави се.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Шакири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Почитувани господа пратеници, бидејќи овој проблем доста се драматизира во овој парламент еве неколку расправи имаме во врска со формирање на оваа комисија, ставот на нашата пратеничка група е познат. Ние за време на расправата во врска со информацијата што беше на дневен ред доставена од страна на Министерството за внатрешни работи побаравме овој Парламент да се дистанцира од настапот на Министерството за внатрешни работи на 9 јули во Гостивар. Меѓутоа, ние знаеме од кои причини не дојдовме до таков заклучок и на крај овој Парламент одлучил да се формира анкетна комисија. Навистина ние сега не можеме да се криеме од вистината и треба да го кажеме тука пред овој Парламент дека бевме против овој заклучок, но во конкретниов случај јас мислам дека, знаејќи го ставот на пратеничката група на СДСМ и на ЈТДП, кои исто така во дискусиите во врска со настаните во Гостивар се слични, тука немаше никакви разлики, сега составот на комисијата од која пратеничка група ќе биде не е многу битно, само анкетната комисија која ќе се формира треба да работи многу сериозно и пред овој Парламент да излезе со документот кој навистина ќе заслужува внимание, бидејќи проблемот во Гостивар е многу сериозен. Затоа јас барам за оваа работа многу да не се гледа од партиска линија и од овој проблем не треба никој да има такви рачуни каде што може да добие партиски поени. Тука е проблемот да се формира анкетна комисија и да почне со работа. Каков е составот на комисијата, друга работа е, воглавном таа комисија да работи.

Толку, фала.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Процедурално, господинот Стефановски.

IV/4

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Повторно некој сака да се обиде со некои израз монизам или нешто друго да јас префрли фината на друга страна.

Одењето на погреб, тоа не е никаква амнестија на луѓето што се во тие редови. Амнестија од вината. Бидејќи некој го цитира Шекспир, често пати низ историјата во првите редици на убиените стојат убијците.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека на една ваква одговорна работа пред која денес сме исправени заради нашите граѓани, јас и во претходните мои дискусии кажав дека се работи за формирање на комисија која ќе се занимава со загрозувањето на елементарните човечки права на граѓаните на РМ. Овде прилично работи се исполитизираа и сметам дека оваа комисија уште во формирањето себе си прави лоша услуга односно лоши услови за работа. Наиме, од оваа говорница некој сака да си земе за право да биде претставник и заштитник единствен на елементарни човечки права дека се работи за луѓе од Гостивар, и ако овие наши органи ги загрозиле тие елементарни права јас се чувствувам исто така загрозен, не сам огосподинот пред мене што дискутираше.

Не можам да ја сфатам ни позицијата, а и опозицијата. Некако позицијата е посватлива, по се изгледа чувствува дека нејзините извршни органи имаат направено некои работи кои што не се во рамките на законот, па толкаво нејзино инсистирање на зголемениот број членови во таа комисија.

Од друга страна несфатлива е опозицијата. Јас сум предложен и без мое знаење, од оваа комисија, лично не бегам како пратеник во овој парламент, од членството знаејќи дека сигурно со таквиот број на членови во Комисијата од владеачката партија на некој начин моето мислење ќе биде маргинализирано. Но, тоа не значи дека нема да биде кажано. Заради тоа, се обраќам на членовите на опозицијата кои што бегаат од членството во оваа комисија. Ние сите членуваме во органи на Парламентот без илузии дека секогаш нашето ќе биде најправо, но ние сме должни она што го гледаме, што го знаеме, што го разбираме должни сме да го кажеме. Во таа смисла ги повикувам членовите на опозицијата да си прифатат членство во оваа комисија, бидејќи овој Парламент инсистира оваа Комисија да биде комисија на која ќе и се верува и од таа работа ние треба ако има евентуално некои загрозувања на елементарни човечки права не треба да бидеме мирни и спокојни без разлика каде и на кого му се случува.

**ВЛАДИМИР С7АНКСБСКИ:**

Ако претходниот дискутант не спомнеше еден збор на крајот немаше да станам. Лидерот на ДП никогаш не била да не биде во таа комисија. Веројатно претходното мислење за некоја друга партија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предложената одлука, молам да крене рака.

IV/6

54 пратеници гласаа "за".

Дали има против?

11 пратеници

Кој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за состав на анкетната Комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 89 јули 1997 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 76-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,00 часот)